СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес Излегува по потреба	**Број 6 година XXXIX** **8 септември 2003**	Претплата за 2003 година -500 ден. **жиро с-ка 300-2700000041-45**

76.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за збратимување на Општина Велес со Општина Свиштов - Република Бугарија

Се прогласува Одлуката за збратимување на Општина Велес со Општина Свиштов - Република Бугарија, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 05 септември 2003 година.

Број 0701-1750/2
05 септември 2003 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 14, став 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 13 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 05.09.2003 година, донесе

О Д Л У К А
за збратимување на Општина Велес со Општина Свиштов, Република Бугарија

Член 1

Со оваа одлука Општина Велес се збратимува со Општина Свиштов, Република Бугарија.

Член 2

Видот и начинот на соработката помеѓу Општина Велес и Општина Свиштов начелно се утврдени со писмо за взаемна соработка, а ќе се конкретизираат со Договор за соработка помеѓу Општина Велес и Општина Свиштов што ќе бидат донесени од Советот на Општина Велес и Општина Свиштов.

Член 3

Се овластува градоначалникот на Општина Велес и надлежните служби согласно писмото за соработка да ги продолжат контактите и да подготват Договор за соработка што ќе биде усвоен од Советот на Општина Велес.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл.гласник на Општина Велес".

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

77.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за поставување на споменик на Панко Брашнар во Велес

Се прогласува Одлуката за поставување на споменик на Панко Брашнар во Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 05 септември 2003 година.

Број 0701-1750/3
05 септември 2003 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 05.09.2003 година, донесе

О Д Л У К А
за поставување споменик на Панко Брашнар

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потребата за поставување, локацијата и постапката за изградба на споменик на Панко Брашнар.

Член 2

Споменикот на Панко Брашнар се поставува по повод 60 години од одржувањето на I Заседание на АСНОМ одржано на 2 август 1944 година, во знак на почит кон Панко Брашнар кој бил првиот претседавач како најстар член на президиумот и потпретседател на АСНОМ и министер за информации во Владата на НР Македонија и по повод 53 годишнината од неговта смрт.

Член 3

Локацијата за поставување на споменикот се одредува на оформена полоштадка на спојот на ул."Благој Ѓорев" и ул."Андон Шурков", по изготвен урбанистички проект.

Член 4

Советот на Општина Велес со Решение ќе формира комисија (строго професионална),за изработка на споменик и зараспишување конкурс за најдобро идејно решение за изработка на споменик на Панко Брашнар.

Средствата потребни за спроведување на постапката од претходниот став на овој член ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Велес за 2004 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл.гласник на Општина Велес".

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

78.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за пренесување на посмртните останки на Панко Брашнар во Велес

Се прогласува Одлуката за пренесување на посмртните останки на Панко Брашнар во Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 05 септември 2003 година.

Број 0701-1750/4
05 септември 2003 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 05.09.2003 година, донесе

О Д Л У К А
за пренесување на посмртните останки на Панко Брашнар во Велес

Член 1

Се донесува Одлука за пренесување на посмртните останки на Панко Брашнар од Голи Оток, Република Хрватска во Велес.

Член 2

Пренесувањето на посмртните останки ќе се изврши во текот на јули 2004 година по повод 53 годишнината од неговата смрт и 60 годишнината од одржувањето на I заседание на АСНОМ.

Член 3

Советот на Општина Велес ќе формира Комисија за пренесување на посмртните останки на Панко Брашнар од Голи Оток, Република Хрватска во Велес и да ги преземе сите потребни активности согласно Програмата за уредување и редовно одржување на гробиштата и гробовите на борците од НОВ и другите национално-ослободителни војни на територијата на Општина Велес за 2003 година.

Член 4

Посмртните останки на Панко Брашнар ќе бидат положени на локација кој ќе ја определи Советот на Општина Велес по извршени консултации со надлежни институции.

Член 5

Средствата потребни за реализирање на оваа одлука ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Велес и Буџетот на Република Македонија.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл.гласник на Општина Велес".

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

79.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за изработка на урбанистичко-архитектонски проект за комплекс Градски саат

Се прогласува Одлуката за изработка на урбанистичко-архитектонски проект за комплекс Градски саат, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 05 септември 2003 година.

Број 0701-1750/5
05 септември 2003 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 05.09.2003 година, донесе

О Д Л У К А
за изработка на урбанистичко-архитектонски проект за комплекс Градски саат

Член 1

Се донесува Одлука за изработка на урбанистичко-архитектонски проект за комплекс Градски саат во Велес.

ЧЛен 2

Урбанистичко-архитектонски проект за комплекс Градски саат е предвиден со ДУП за централно градско подрачје.

Член 3

Границите на опфатот на овој простор се:

-десен брег на река Вардар од кои постојната улица "Коле Неделковски" од запад, десниот брег на реката дефиниран со главниот проект за регулација на реката од исток, последниот станбен блок на станбено-деловниот комплекс "Чешел" до реката од север, прв објект на реката и станбен објект со приземје и два спрата на кота на Градскиот саат од југ;

-лев брег на река Вардар - во правец на границите од десниот брег лево и десно од пешачкиот мост "Мало мовче" во правец север-југ, улицата "Петре Прличко" од исток.

Член 4

Планирањето на овој простор за станбено-деловно комплекс мора да ги задржи изворните елементи на традиционалната велешка архитектура.

При планирањето ќе се инсистира на запазување на постоечката силуета и доминантност на саат кулата, ситната структура на објектите и постигнување градација на комплексот во попречен и надолжен правец.

Член 5

Советот на Општина Велес ќе формира комисија, која ќе распише конкурс за изработка на најдобар урбанистичко-архитектонски проект за комплекс Градски саат.

Средствата потребни за спроведување на постапката од претходниот став на овој член ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Велес.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила осниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

80.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програма за измени и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2003 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2003 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 05 септември 2003 година.

Број 0701-1750/6
05 септември 2003 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 09.05.2003 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2003 година

1. Се усвојува Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2003 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

Врз основа на член 43 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ"бр.53/01) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Советот на Општина Велес на својата седница одржана на 05.09.2003 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2003 година

Член 1

Во Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2003 година ("Службен гласник на Општина Велес" бр. 9/02;4/03;5/03) се врши измена и дополнување:

-во глава IV. - Извори на финансирањето на програмата и тоа:

-Во став 1, во продолжение на позицијата "Вкупно 1-8" во колоната "износ" бројот "76.743.315.5о" се брише и се заменува со бројот "66.853.745.5о", точката 7 "Средства од субјектите кои стопанисуваат со инфраструктурните објекти и мрежи" се брише во целост, точките 8 и 9 стануваат точки 7 и 8, а во колоната "износ" во продолжение на позициите од точките 1 до 8 : бројот "20.000.000,оо" се брише и се заменува со бројот "13.960.747,50", бројот "16.000.000,оо" се брише и се заменува со бројот " 12.000.000,00", бројот "400.000,оо" се брише и се заменува со бројот " 200.000,00", бројот "900.000,оо" се брише и се заменува со бројот " 899.683,00", бројот "3.000.000,оо" се брише и се заменува со бројот " 700.000,00", бројот "12.600.000,оо" се брише и се заменува со бројот " 14.000.000,00", бројот "2.449.332,оо" си останува, бројот "5.000.000,оо" се брише и се заменува со бројот " 9.000.000,00", бројот "5.243.983,5о" се брише и се заменува со бројот " 2.393.983,00" бројот "750.000,оо" се брише и се заменува со бројот "1.750.000,00" и бројот "9.500.000,оо" си останува, во колоната "структура %" бројот "26.06" се брише и се заменува со бројот "20.88", бројот "20.85" се брише и се заменува со бројот,"17.95", бројот "0.52" се брише и се заменува со бројот,"0.30", бројот "1,17" се брише и се заменува со бројот"1,35", бројот "3,91" се брише и се заменува со бројот,"1,05", бројот "16.42" се брише и се заменува со бројот"20.94", бројот "3.19" се брише и се заменува со бројот "3.66", бројот "6.52" се брише и се заменува со бројот"13.46", бројот "6.83" се брише и се заменува со бројот,"3.58", бројот "0.98" се брише и се заменува со бројот,"2.62" и бројот "12.38" се брише и се заменува со бројот "14.21".

-во глава V. - Пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште и тоа:

-Во точка 1 - Изработка на техничка документација, во колоната "износ" бројот "3.604.332,оо" се брише и се заменува со бројот"2.754.332,00", а во колоната "структура %" бројот "4.697%" се брише и се заменува со "4,120%", позициите "1.1.1.", "1.2.1", "1.3.1.", "1.3.4." и "1.4.2." се бришат во целост, во колоната "износ" во продолжение на позицијата "1.4.1." бројот "355.000,оо" се брише и се заменува со бројот "155.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "0.514%" се брише и се заменува со "0.224%".

-Во точка 2 - Уредување на плоштади, во колоната "износ" бројот "2.000.000,оо" се брише и се заменува со бројот"1.000.000,оо",

, а во колоната "структура %" бројот "2.606%" се брише и се заменува со бројот "1.496%", позициите "2.1." и "2.3." се бришат во целост.

-Во точка 3 - Изградба на улици, во колоната "износ" бројот "5.300.000,оо" се брише и се заменува со бројот "1.820.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "6.906%" се брише и се заменува со "2.722%", позициите "3.1.", "3.2.", "3.3.", "3.5.", "3.6.", "3.9.", "3.10.", "3.11.", "3.12.", "3.14.", "3.15." и "3.17." се бришат во целост .

-Во точка 4 - Одржување на улици, во колоната "износ" бројот "7.250.000,оо" се брише и се заменува со бројот "4.900.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "9.447%" се брише и се заменува со "7.329%", позициите "4.1", "4.5.", "4.6.", "4.11", "4.15." и "4.16." се бришат во целост, во продолжение на позицијата "4.3." во колоната "износ" бројот "300.000,оо" се брише и се заменува со текст "ЈКП Дервен Велес", а во колоната "структура %" бројот "0.434%" се брише, во продолжение на позицијата "4.8." во колоната "износ" бројот "500.000,оо" се брише и се заменува со бројот "400.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "0.724%" се брише и се заменува со бројот "0.579", и во продолжение на позицијата "4.17." во колоната "износ" бројот "400.000,оо" се брише и се заменува со бројот "800.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "0.579%" се брише и се заменува со бројот "1.159".

-Во точка 5 - Изградба на тротоари, во колоната "износ" бројот "1.660.000,оо" се брише и се заменува со бројот "1.210.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "2.163%" се брише и се заменува со "1.810%", и позицијата "5.2." се брише во целост.

-Во точка 6 - Одржување на тротоари, во колоната "износ" бројот "1.660.000,оо" се брише и се заменува со бројот "1.510.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "2.163%" се брише и се заменува со "2.259%", позицијата "6.2." се брише во целост, и во продолжение на позицијата "6.7." во колоната "износ" бројот "250.000,оо" се брише и се заменува со бројот "200.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "0.362%" се брише и се заменува со "0.290%".

-Во точка 7 - Изградба и одржување на потпорни зидови, во колоната "износ" бројот "7.920.000,оо" се брише и се заменува со бројот "11.350.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "10.320%" се брише и се заменува со "16.977%", позициите "7.2.", "7.4.", "7.5.", "7.7." се бришат во целост, и во продолжение на позицијата "7.1." во колоната "износ" бројот "5.900.000,оо" се брише и се заменува со бројот "10.300.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "8.545%" се брише и се заменува со "14.917%".

-Во точка 8 - Изградба на спортски терени, паркови и детски игралишта, во колоната "износ" бројот "2.730.000,оо" се брише и се заменува со бројот "1.650.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "3.557%" се брише и се заменува со "2.468%", позициите "8.1" и "8.3." се бришат во целост, текстот на позицијата "8.2." се менува и гласи "Парк автобуска со шеталишта" и во продолжение во колоната "износ" бројот "300.000,оо" се брише и се заменува со бројот "900.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "0.434%" се брише и се заменува со "1.303%", позицијата "8.6." станува "8.5." и во продолжение во колоната "износ" бројот "1.100.000,оо" се брише и се заменува со бројот "300.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "1.593%" се брише и се заменува со "0.434%", позицијата "8.7." станува "8.6." и во продолжение во колоната "износ" бројот "500.000,оо" се брише и се заменува со бројот "300.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "0.724%" се брише и се заменува со "0.434%".

-Во точка 9 - Одржување на спортски терени, паркови и детски игралишта, во колоната "износ" бројот "1.150.000,оо" се брише и се заменува со бројот "200.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "1.499%" се брише и се заменува со "0.299%", позиците "9.1.","9.2.", "9.3.", "9.4." и "9.5." се бришат во целост.

-Во точка 10 - Изградба на фекална и атмосверска канализација, текстот на позицијата "10.1." се менува и гласи "Изградба на фекална канализација во МЗ Родна Ивева", во колоната "структура %" бројот "2.802%" се брише и се заменува со "3.216%".

-Во точка 11 - Разни зафати, во колоната "износ" бројот "15.383.983,5о" се брише и се заменува со бројот "12.304.413,5о", а во колоната "структура %" бројот "20.046%" се брише и се заменува со "18.405%", позициите "11.1.", "11.4.", "11.5.", "11.6.", "11.15.", "11.18.", "11.19." и "11.21." се бришат во целост, се додаваат две нови позиции "4.15." која гласи "Театар - поплочување на предпросторот" во продолжение во колоната "износ" се додава бројот "150.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "0.217%" и "4.16." која гласи "Железен Мост - уредување на просторот" во продолжение во колоната "износ" се додава бројот "170.430,оо", а во колоната "структура %" бројот "0.247%", во продолжение на позицијата "11.2." во колоната "износ" бројот "300.000,оо" се брише и се заменува со бројот "100.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "0.434%" се брише и се заменува со "0.145%", во продолжение на позицијата "11.11." во колоната "износ" бројот "2.200.000,оо" се брише и се заменува со бројот "2.600.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "3.186%" се брише и се заменува со "3.765%", и во продолжение на позицијата "11.12." во колоната "износ" бројот "400.000,оо" се брише и се заменува со бројот "100.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "0.579%" се брише и се заменува со "0.145%".

-Во точка 12 - Редовно одржување на комунални објекти, во колоната "износ" бројот "12.076.000,оо" се брише и се заменува со бројот "12.776.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "15.736%" се брише и се заменува со "19.110%", а во продолжение на позицијата "12.5." во колоната "износ" бројот "800.000,оо" се брише и се заменува со бројот "1.500.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "1.159%" се брише и се заменува со "2.172%".

-Во точка 13 - Учество во изградба на комунални објекти во други населени места во општина Велес, во колоната "структура %" бројот "2.280%" се брише и се заменува со "2.618%".

-Во точка 14 - Изградба на локални патишта, во колоната "износ" бројот "2.300.000,оо" се брише и се заменува со бројот "2.070.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "2.997%" се брише и се заменува со "3.096%", и во продолжение на позицијата "14.3." во колоната "износ" бројот "500.000,оо" се брише и се заменува со бројот "270.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "0.724%" се брише и се заменува со "0.391%".

-Во точка 15 - Одржување на локални патишта, во колоната "структура %" бројот "0.521%" се брише и се заменува со "0.598%".

-Во точка 16 - Јавно осветлување, во колоната "износ" бројот "9.409.000,оо" се брише и се заменува со бројот "9.009.000,оо", а во колоната "структура%" бројот "12.260" се брише и се заменува со бројот "13.476", во продолжение на позицијата "16.4." бројот "2.119.000,оо" се брише и се заменува со бројот "1.719.000,оо", а во колоната "структура%" бројот "2.761" се брише и се заменува со бројот "2.571", позициите "16.4.1.", "16.4.3.", "16.4.8.", "16.4.9." и "16.4.15" се бришат во целост, во продолжение на позицијата "16.4.4." бројот "300.000,оо" се брише и се заменува со бројот "150.000,оо", а во колоната "структура%" бројот "0.434" се брише и се заменува со бројот "0.217", во продолжение на позицијата "16.4.12." бројот "180.000,оо" се брише и се заменува со бројот "489.000,оо", а во колоната "структура%" бројот "0.261" се брише и се заменува со бројот "0.707", се додава нова позиција "11.12." која гласи "Осветлување на спортски терени Трајко Андреев" во продолжение во колоната "износ" се додава бројот "400.000,оо" а во колоната "структура %" бројот "0.579", и во продолжение на позицијата "Вкупно 1-16" во колоната "износ" бројот "76.743.315.5о" се брише и се заменува со бројот "66.853.745.5о".

Член 2

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

81.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2003 година за период 01.01.до 31.08.2003 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2003 година за период 01.01.до 31.08.2003 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 05 септември 2003 година.

Број 0701-1750/7
05. септември 2003 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 05.09.2003 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Велес за 2003 година за периодот од 01.01. до 31.08 2003 година

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Велес за 2003 година за периодот од 01.01. до 31.08.2003 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

82.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештај за работењето на ЈКП "Дервен" во првото полугодие на 2003 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештај за работењето на ЈКП "Дервен" во првото полугодие на 2003 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 05 септември 2003 година.

Број 0701-1750/8
05. септември 2003 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 05.09.2003 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештајот за работењето на ЈКП "Дервен" Велес во првото полугодие на 2003 година

1. Се усвојува Извештајот за работењето на ЈКП "Дервен"Велес за прво полугодие на 2003 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

.

83.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Информација за остварување на Буџетот на Општина Велес во период од 01.01 до 25.08.2003 година

Се прогласува Заклучокот за прифаќање на Информација за остварување на Буџетот на Општина Велес во период од 01.01. до 25.08.2003 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 05 септември 2003 година.

Број 0701-1750/9
05 септември 2003 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 58 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 05.09.2003 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Информација за остварување на Буџетот на Општина Велес за период од 01.01. до 25.08.2003 година

1. Советот на Општина Велес ја прифаќа во целост Информацијата за остварување на Буџетот на Општина Велес за период од 01.01. до 25.08.2003 година.

2. Советот на Општина Велес оценува дека е загрижувачки низок нивото на остварување на Буџетот на Општина Велес.

3. Советот на Општина Велес го задолжува градоначалникот и надлежните служби да предложат соодветни мерки за зголемување на приходите и за балансирање на расходите согласно остварените приходи со изготвување на Одлука за измени и дополнување на Буџетот на Општина Велес за 2003 година.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

84.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Информација за работата на комуналниот инспектор во периодот 1-ви јануари до 30-јуни 2003 година

Се прогласува Заклучокот за прифаќање на Информација за работата на комуналниот инспектор во периодот 1-ви јануари

до 30-јуни 2003 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 05септември 2003 година.

Број 0701-1750/10
05 септември 2003 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Информација за работата на комуналниот инспектор во периодот 1-ви јануари до 30-јуни 2003 година

Се прогласува Заклучокот за прифаќање на Информација за работата на комуналниот инспектор во периодот 1-ви јануари до 30-јуни 2003 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 05септември 2003 година.

Број 0701-1750/10
05 септември 2003 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

85.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Информација за активностите на Општина Велес за одбележување на 100 Годишнината од Илинденското востание И 100 Годишнината од саможртвата на Гемиџиите

Се прогласува Заклучокот за прифаќање на Информација за активностите на Општина Велес за одбележување на 100 Годишнината од Илинденското востание и 100 Годишнината од саможртвата на Гемиџиите, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 05 септември 2003 година.

Број 0701-1750/11
05 септември 2003 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 58 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 05.09.2003 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Информација за активностите на Општина Велес за ообележување на 100 Годишнината од Илинденското востание и 100 Годишнината од саможртвата на Гемиџиите

1. Советот на Општина Велес ја поддржува во целост Информацијата за активностите на Општина Велес за обележувањето на 100 Годишнината од Илинденското востание и 100 Годишнината од саможртвата на Гемиџиите.

2. Советот на Општина Велес оценува дека Општина Велес достоинствено го обележа големиот јубилеј 100 Години од Илинденското востание и 100 Години од саможртвата на Гемиџиите. Фактот што активностите на Општина Велес беа вклучени во државната програма, Советот го оценува како признание за Општина Велес.

3. Советот на Општина Велес го овластува градоначалникот и надлежните служби во соработка со институциите од областа на културата да продолжат со активностите за организирање на преостанатите програмски содржини.

4. Советот на Општина Велес им упатува особена благодарност на граѓаните на Општина Велес за поддршката и масовното присуство на централната манифестација, како и на Народниот музеј, Домот на култура, Културно уметничките друштва: "Керамичар", "Вила Зора", "Коле Неделковски", ЈКП "Дервен", Секретаријатот за внатрешни работи-Велес, "Електро-Велес", Медицински центар Велес, Кино "11-ти Октомври", невладините организации од градот и сите други поединци и претпријатија кои посредно или непосредно го помогнаа чествувањето на празникот.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

86.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Информацијата за учество на Општина Велес во пилот - проекти за децентрализација на власта во Република Македонија

Се прогласува Заклучокот за прифаќање на Информацијата за учество на Општина Велес во пилот - проекти за децентрализацијата на власта во Република Македонија, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 05 септември 2003 година.

Број 0701-1750/12
05 септември 2003 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 58 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 05.09.2003 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Информацијата за учеството на Општина Велес во пилот-проекти за децентрализација на власта во Република Македонија

1.Советот на Општина Велес Информацијата за учество на Општина Велес во пилот-проекти за децентрализација на власта во Република Македонија ја прифаќа во целост.

2. Советот на Општина Велес го изразува своето задоволство од вклученоста на Општина Велес во повеќе пилот проекти.

3. Советот на Општина Велес ги поддржува досегашните активности на градоначалникот за вклучување на Општина Велес во пилог-проектите за децентрализација на власта и ја изразува целосната поддршка и подготвеност за нивно успешно воспоставување и спроведување.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

87.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за именување член на Одборот за јавни и комунални дејности

Се прогласува Решението за именување член на Одборот за јавни и комунални дејности,што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 05 септември 2003 година.

Број 0701-1750/13
05 септември 2003 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 05.09.2003 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување член на Одборот за јавни и комунални дејности

1.За член на Одборот за јавни и комунални дејности на Советот наОпштина Велес се именува:

-Игор Андреев член на Советот на Општина Велес.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Сл.гласник на Општина Велес".

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

88.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за именување претседател на Одборот за јавни и комунални дејности

Се прогласува Решението за именување претседател на Одборот за јавни и комунални дејности, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 05 септември 2003 година.

Број 0701-1750/14
05 септември 2003 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 05.09. 2003 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување претседател на Одборот за јавни и комунални дејности

1.За претседател на Одборот за јавни и комунални дејности на Советот на Општина Велес се именува:

- Игор Андреев член на Советот на Општина Велес.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во"Сл.гласник на Општина Велес".

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

89.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Иницијатива за започнување на процедура за промена на имињата на улиците, плоштадите и останатите инфраструктурни објекти во грдот

Се прогласува Заклучокот за прифаќање на Иницијатива за започнување на процедура за промена на имињата на улиците, плоштадите и останатите инфраструктурни објекти во грдот,што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 05 септември 2003 година.

Број 0701-1750/15
05 септември 2003 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 30, став 2 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 05.09.2003 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Иницијатива за започнување на процедура за промена на имињата на улиците, плоштадите и останатите инфраструктурни објекти во градот

1. Советот на Општина Велес ја прифаќа Иницијативата за започнување на процедура за промена на имињата на улиците, прлоштадите и останатите инфраструктурни објекти во градот.

2. Се задолжува Советот на Општина Велес да формира Комисија по ова прашање која стручно и целосно ќе ја обработи посочената проблематика. Комисијата ќе биде должна веднашпо донесувањето на законот да предложи пред Советот Одлука за промена на имињата на улиците, плоштадите и останатите инфраструктурни објекти.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

90.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Иницијатива за формирање на Комисија за полова рамноправност

Се прогласува Заклучокот за прифаќање на Иницијатива за формирање на Комисија за полова рамноправност,што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 05 септември 2003 година.

Број 0701-1750/16
05 септември 2003 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 05.09.2003 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Иницијатива за формирање на Комисија за полова рамноправност

1. Советот на Општина Велес ја прифаќа Иницијативата за формирање на Комисија за полова рамноправност.

2. Се задолжува Советот на Општина Велес да формира Комисија по ова прашање која стручно и целосно ќе ја обработи посочената проблематика. Комисијата ќе работи на промовирање и унапредување на еднаквоста меѓу половите преку развивање на чувството за еднаква партиципација на пловите во општествено-политичкиот живот на локално и национално ниво.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

91.

Врз основа на член 43, став 1, а во врска со член 45 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Комисијата за давање предлози за избор, именување и мандатни прашања на Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 09.07.2003 година, донесе

О Д Л У К А
за определување на надоместок на членовите на Советот на Општина Велес за месец јули 2003 година

Член 1

За месец јули 2003 година на членовите на Советот на Општина Велес им се определува надоместок за вршењето функција член на Советот, работа во работните тела на Советот на Општина Велес (разгледување и проучување на материјали за Советот, давање предлози и иницијативи, контактирање со институции и граѓани, посета на месни заедници, општествени организации и здруженија на граѓани и вршење на други активности кои произлегуваат од правата и должностите на членовите на Советот определени со Закон и Статутот на Општината) во износ од 5.000,оо денари.

Член 2

На претседателот на Советот на Општина Велес за месец јули 2003 година му се определува надоместок на трошоците во износ од 9.000,оо денари.

Член 3

На членовите на работните тела на Советот на Општина Велес кој не се членови на Советот на Општина Велес (надворешни членови) за присуство и работа на седниците на работните тела им се определува надоместок во износ од 8% од просечната месечна плата во Република Македонија исплатена во последните три месеци.

Член 4

На членовите на Советот, определени за склучување на бракови им се определува надоместок во износ од 500,оо денари ,за секој ден на ангажираност за склучување на бракови без оглед на тоа колку бракови членот склучил во тој ден.

Член 5

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за определување на надоместок на членовите на Советот на Општина Велес за месец јуни 2003 година бр.1001-1171/1од 18.06.2003.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес", а ќе се применува за месец јули 2003 година.

Број 1001-1466/1
18 јули 2003 год.
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Комисијата за давање предлози за избор, именување и мандатни прашања
Марјанчо Николов.с,р.

92.

Врз основа на член 43, став 1, а во врска со член 45 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Комисијата за давање предлози за избор, именување и мандатни прашања на Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 09.07.2003 година, донесе

О Д Л У К А
за определување на надоместок на членовите на Советот на Општина Велес за месец август 2003 година

Член 1

За месец август 2003 година на членовите на Советот на Општина Велес им се определува надоместок за вршењето функција член на Советот, работа во работните тела на Советот на Општина Велес (разгледување и проучување на материјали за Советот, давање предлози и иницијативи, контактирање со институции и граѓани, посета на месни заедници, општествени организации и здруженија на граѓани и вршење на други активности кои произлегуваат од правата и должностите на членовите на Советот определени со закон и Статутот на Општината) во износ од 5.000,оо денари.

Член 2

На претседателот на Советот на Општина Велес за месец август 2003 година му се определува надоместок на трошоците во износ од 9.000,оо денари.

Член 3

На членовите на работните тела на Советот на Општина Велес кој не се членови на Советот на Општина Велес (надворешни членови) за присуство и работа на седниците на работните тела им се определува надоместок во износ од 8% од просечната месечна плата во Република Македонија исплатена во последните три месеци.

Член 4

На членовите на Советот ,определени за склучување на бракови им се определува надоместок во износ од 500,оо денари ,за секој ден на ангажираност за склучување на бракови без оглед на тоа колку бракови членот склучил во тој ден.

Член 5

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за определување на надоместок на членовите на Советот на Општина Велес за месец јули 2003 година бр.1001-1466/1од 18.07.2003.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес", а ќе се применува за месец август 2003 година.

Број 1001-1467/1
18 јули 2003 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Комисијата за давање предлози за избор,именување и мандатни прашања
Марјанчо Николов.с,р.

Бр на акт	Содржина	Страница
76	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за збратимување на Општина Велес со Општина Свиштов - Република Бугарија**	129
	О Д Л У К А за збратимување на Општина Велес со Општина Свиштов, Република Бугарија	129
77	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за поставување на споменик на Панко Брашнар во Велес**	
	О Д Л У К А за поставување споемник на Панко Брашнар	
78	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за пренесување на посмртните останки на Панко Брашнар во Велес**	130
	О Д Л У К А за пренесување на посмртните останки на Панко Брашнар во Велес	
79	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за изработка на урбанистичко-архитектонски проект за комплекс Градски саат**	131
	О Д Л У К А за изработка на урбанистичко-архитектонски проект за комплекс Градски саат	
80	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програма за измени и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2003 година**	131
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2003 година	
81	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2003 година за период 01.01.до 31.08.2003 година**	134
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Велес за 2003 година за периодот од 01.01. до 31.08 2003 година	
82	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештај за работењето на ЈКП "Дервен" во првото полугодие на 2003 година**	135
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештајот за работењето на ЈКП "Дервен" Велес во првото полугодие на 2003 година	
83	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Информација за остварување на Буџетот на Општина Велес во период од 01.01 до 25.08.2003 година**	135

Бр на акт **Страница**

З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Информација за работата на комуналниот инспектор во периодот 1-ви јануари до 30-јуни 2003 година

85 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Информација за активностите на Општина Велес за одбележување на 100 Годишнината од Илинденското востание И 100 Годишнината од саможртвата на Гемиџиите** 136

З А К Л У Ч О К за прифаќање на Информација за активностите на Општина Велес за ообележување на 100 Годишнината од Илинденското востание и 100 Годишнината од саможртвата на Гемиџиите

86 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Информацијата за учество на Општина Велес во пилот - проекти за децентрализација на власта во Република Македонија** 137

З А К Л У Ч О К за прифаќање на Информацијата за учеството на Општина Велес во пилот-проекти за децентрализација на власта во Република Македонија

87 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за именување член на Одборот за јавни и комунални дејности** 137

Р Е Ш Е Н И Е за именување член на Одборот за јавни и комунални дејности

88 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за именување претседател на Одборот за јавни и комунални дејности** 138

Р Е Ш Е Н И Е за именување претседател на Одборот за јавни и комунални дејности

89 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Иницијатива за започнување на процедура за промена на имињата на улиците, плоштадите и останатите инфраструктурни објекти во грдот** 138

З А К Л У Ч О К за прифаќање на Иницијатива за започнување на процедура за промена на имињата на улиците, плоштадите и останатите инфраструктурни објекти во градот

90 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Иницијатива за формирање на Комисија за полова рамноправност** 139

З А К Л У Ч О К за прифаќање на Иницијатива за формирање на Комисија за полова рамноправност

Бр на акт **Страница**

91	**О Д Л У К А за определување на надоместок на членовите на Советот на Општина Велес за месец јули 2003 година**	139
92	**О Д Л У К А за определување на надоместок на членовите на Советот на Општина Велес за месец август 2003 година**	140

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, одговорен уредник Петре Најдов

телефон:232-966, Жиро-сметка 300-27000000-48 Печати: “Графопринт”-Велес